КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Скопје

| Примено: 27.09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 450/1 | | |

Решението е правосилно
на ден 26.08.2016
Датум на заверка 26.08.2016

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Бр.50-10305 од 29-07-2016 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 205 став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05, 110/08 и 51/11) а во врска со член 29 став 1 алинеа 6 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 36/16), министерот за транспорт и врски донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одземање на лиценца**

1. СЕ ОДЗЕМА Лиценцата за процена од областа на недвижен имот бр. 0105-Н од 04.07.2013 година издадена на правното лице **Друштво за проектирање и инжинеринг ИМЦ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Охрид ,со седиште на ул.Мирче Ацев бр.Ц/2-12 Охрид, со ЕМБС 6511228.**
2. По правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена овластениот проценувач се брише од Регистарот за процена на овластени проценувачи што го води Министерството за транспорт.
3.По правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена, решението веднаш или во рок од 24 часа ќе биде доставено до Централниот регистар на Република Македонија и до Комората на проценувачи на Република Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за транспорт и врски има издадено лиценца за процена од областа на недвижен имот бр.0105-Н од 04.07.2013 година на правното лице Друштво за проектирање и инжинеринг ИМЦ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Охрид, со ЕМБС 6511228 со седиште на ул. Мирче Ацев бр.Ц/2-12 Охрид.

Министерството постапувајќи по службена должност на ден 21.07.2016 изврши контрола во поглед на исполнување на условите потребни за поседување на лиценца за процена, кои треба да ги исполнува правното лице, носител на лиценца за процена, согласно член 21 став 3 од Законот за процена, со кој е утврдено дека лиценца за процена може да добие трговско друштво ако:
-има регистрирана дејност процена,
-има вработено најмалку 2 лица проценувачи,
-има осигурување согласно со Законот за процена,
-со правосилна одлука не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност додека трае забраната,

-со правосилна одлука да не му е изречена споредна казна забрана за добивање лиценца за овластен проценувач додека трае забраната и споредна казна одземања на лиценца за овластен проценувач,
-со правосилна одлука да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност процена додека траат правните последици на осудата и
-управителот на друштвото за процена да даде изјава за проценувачите и другите вработени лица дека во работењето ќе ги применуваат правилата содржани во Кодексот на етиката на проценувачи и професионалните с тандарди.

Имено, по извршениот увид во електронската база на податоци на Агенцијата за вработување на Република Македонија се утврди дека во правното лице Друштво за проектирање и инженеринг ИМЦ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Охид, со седиште на ул. Мирче Ацев бр. Ц/2-12 Охрид, со ЕМБС 65111228 е евидентирано едно вработено лице, Горан Лекоски што е спротивно на член 21 став 3 алинеа 2 од Законот за процена, според кој трговското друштво треба да има вработено најмалку 2 лица проценувачи.

Во членот 29 во став 1 алинеа 6 од Законот за процена е утврдено дека лиценцата се одзема со престанок на исполнување на условите од член 21 на овој закон за издавање на лиценца.

Согласно член 30 став 1 од Законот за процена министерот со ова решение ќе го избрише од Регистарот за процена на овластени проценувачи што го води Министерството за транспорт и врски, овластениот проценувач на кого му е одземена лиценцата согласно член 29 од Законот за процена, по правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена.

Согласно член 30 став 3 од Законот за процена, по правосилноста на ова решение за одземање на лиценцата за процена министерот веднаш или во рок од 24 часа ќе го достави до Централниот регистар на Република Македонија и до Комората на проценувачи на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА : Против ова Решение незадоволната странка има право на тужба до Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

М И Н И С Т Е Р,
Владо Мисајловски

Изготвил:Александар Микевски
Одобрил: Лилјана Поповиќ